# Годишен извештај на органите на државната управа
# за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Орган на државна управа (назив)** | Агенција за катастар на недвижности |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | м-р Гордана Коцевска, координатор за еднакви можности<br>Елеонора Стефановска, заменик-координатор за еднакви можности |
| **Период на известување** | јануари 2019 – декември 2019 |
| **Датум на поднесување на извештајот** | |

**Одговорно лице кое го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност**

**Датум, ___________________________**

**Име и презиме м-р Борис Тунцев, директор**

**Потпис**

**(Одговорно лице во органот на државна управа)**

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

______________________

**Име и презиме (раководител на Сектор за еднакви можности)**

**Потпис**

## 2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО СО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

2.1. Преземени основни и посебни мерки согласно со чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)

А) Позитивни

Б) Охрабрувачки

В) Програмски

**2.2 Мерење успешност на мерката (наведете кратки информации – показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

**Во Агенцијата за катастар на недвижности по сите мерни показатели по кои се мери застапеноста на жените и мажите, бројот на жени е во пораст по однос на претходните години.**

Бројот на вработени жени е во пораст.

Бројот на запишаните права на сопственост на жени е во пораст.

Бројот на жени кои се подносители на претставки и јавувања на инфо-линија е во пораст.

**2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

Во извештаите задолжително ги следиме и ги прикажуваме табеларно, процентот на застапеноста на жените и мажите по однос на вработеност, застапеноста на раководни функции, застапеноста во процесите на информирање, застапеноста во запишани права на сопственост и сл.

**2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот:** *Графички приказ на вработените во АКН по пол*, Графички приказ на вработените во АКН по образование (мажи и жени), *Табеларен приказ и Графикон за информирање по родова застапеност за 2019 година, Табеларен приказ за запишани права на сопственост на недвижен имот по градови и родово разделени и Листа на посетени обуки.*

## 3. ПРЕЗЕМЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

**3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно со член 11 од ЗЕМ:**

Именувани координатор и заменик-координатор за еднакви можности, учество на обуки за изработка на нови стратешки документи, зголемен процент на жени вработени во АКН и поставени на раководни функции, во стратешкото планирање се предвидени активности за родовата еднаквост, иницијатива за обезбедување транспарентен пристап до податоци и информации за родова еднаквост.

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

**3.2. Мерење успешност на иницијативата (наведете кратки информации - показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**
Активностите во стратешкото планирање за родовата еднаквост се реализирани.
Иницијативата на транспарентен пристап до податоци и информации за родова еднаквост која беше предвидена и како активност во Стратешкиот план и во Годишната програма за 2020 година, е реализирана.
На официјалната веб-страница на АКН е овозможен пристап на податоците, материјалите и публикациите со кои располага АКН, а кои се однесуваат на родовата еднаквост.
http://www.katastar.gov.mk/родова-еднаквост/

**3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (пример за индикатор)**
Водење на статистики и евиденции за бројот на жени запишани со право на сопственост, бројот на жени вработени во АКН, застапеноста на бројот на жени на раководни позиции и водење евиденции по полова застапеност на лицата кои се интересираат за остварување на своите права по однос на запишувањето на сопственоста.

**3.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот: Веб-страницата која е достапна преку следната врска (link)**
http://www.katastar.gov.mk/родова-еднаквост/

## 4. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ

**4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**
Учество на работилници, обуки, состаноци на теми од областа на родовата еднаквост во Република Северна Македонија во странство, во соработка со домашни и странски организации. Во прилог ви доставуваме листа на посетени обуки, работилници, состаноци на кои сме учествувале во 2019 година.

**4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол?**
**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**
*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**
Базата на податоци која се однесува на човечки ресурси, а која се води во ЕРП-системот на АКН е родово разделена и овозможува да се идентификува половата застапеност на жени и мажи како вкупен број на вработени по звање.
**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**
Базата на податоци за пријавување повици на инфо-линија во АКН е родово разделена.
*** приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**
Базата на податоци за запишани права на сопственост, односно е-кат системот овозможува пребарувања за запишани права на сопственост по пол преку посебен алгоритам поврзан со единствениот матичен број на граѓанинот (ЕМБГ).
**НАПОМЕНА: Горецитираната база се однесува на запишани носители на правото на сопственост со ЕМБГ чиј број изнесува околу 1.800.000, а вкупниот број на запишани носители на правото на сопственост (со ЕМБГ и без ЕМБГ) изнесува 2.949.108. Од причина**

**што родовата разделеност се добива само од податоците со ЕМБГ, а разликата е многу голема (1.100.000), податокот добиен преку посебниот алгоритам во е-кат системот може да биде со големи отстапувања во анализите правени за еднакви можности.**

## 5. ОБВРСКИ

**5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно со Стратегијата за родова еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува.**
**Опишете според:**
**а) Постигнати резултати**
**б) Реализирани активности**
**в) Индикатори за мерење успешност**
**г) Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства**

Согласно со стратешкиот план, обврската за овозможување транспарентен пристап до материјалите, публикациите и податоците за родовата еднаквост со кои располага АКН е реализирана, односно овозможен е посебен пристап до овие податоци преку официјалната веб-страница на АКН. Оваа надградба на веб-страницата е направена со сопствени средства и ресурси без дополнителни трошоци.
Трошоците за посетените обуки и работилници беа на сметка на меѓународните организации ГИЗ, ФАО, ОН.

**5.2. Дали се утврдени надлежностите и задачите на координаторот и заменик-координаторот конкретно во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа?**

Надлежностите и задачите на координаторот и заменик-координаторит не се утврдени во актот за систематизација на работните места. Овие лица се номинирани од страна на директорот и ги извршуваат задачите согласно со ЗЕМ, покрај редовните работни задачи.

**5.3. На кои обуки имаат присуствувано координаторот и заменик-координаторот во текот на извештајниот период?**

- Антидискриминација – размена на добри практики и предизвици, во организација на Министерството за труд и социјална политика, а поддржано од страна на ОБСЕ и Република Австрија.
- Вклучување на родовата перспектива во стратешкото планирање, во организација на МТСП и во соработка со Канцеларијата на UN Women.

**Дали се јавиле тие во обуките како**:
**<u>а) слушатели ДА</u>**
**б) обучувачи НЕ**

**5.4. Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и антидискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн.) ги имаат посетено:**
**а) координатор за еднакви можности**

- Антидискриминација – размена на добри практики и предизвици, во организација Министерството за труд и социјална политика, а поддржано од страна на ОБСЕ и Република Австрија.

**б) заменик-координатор за еднакви можности**

- Антидискриминација – размена на добри практики и предизвици, во организација Министерството за труд и социјална политика, а поддржано од страна на ОБСЕ и Република Австрија.
-Вклучување на родовата перспектива во стратешкото планирање, во организација на МТСП и во соработка со Канцеларијата на UN Women.
- Обука за тренери во врска со „Родово сензитивно стекнување на имот“ во рамките на проектот „Gender and Land Rights“ имплементиран од ГИЗ/ Отворениот регионален фонд за Југоисточна Европа - правна рамка.
- Учество на консултативен состанок за родова анализа на национални документи и процеси поврзани со процесот на ЕУ-интеграција.

**5.5. Како се пренесени понатаму добиените знаења во Вашето ОДУ, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)?**

**Ве молиме опишете**

Материјалите од посетените обуки со краток извештај се објавуваат на веб-страницата на АКН во делот на родовата еднаквост каде што на еден транспарентен начин се споделуваат материјалите. Секој од надворешните и внатрешните корисници може да се запознае со материјалите и темите на обуките. Информациите се пренесуваат и преку директни комуникации помеѓу вработените, како и со надворешните корисници кои во остварување на своите права се засегнати со прашањата од родоват еднаквост.

**5.6. Колку и кои иницијативи ги имаат доставено координаторот и заменик-координаторот за еднаквите можности на жените и мажите до ОДУ (предлог-закони, предлог-стратегии, предлог-информации до Влада, предлог-акциски планови, предлог-буџети, предлог-стратешки планови)?**

- На организираните обуки и работилници даден е предлог за законски измени, со кои ќе се овозможи запишување на правото на заедничка сопственост на мажот и жената за недвижен имот стекнат во брак, кое законско решение веќе се применува во соседните земји со слични системи, пример во Република Србија.

**5.6. Колку од тие иницијативи биле успешни?** Иницијативата беше прифатена и од страна на невладините организации беше укажано дека ќе се пренесе иницијативата до работните групи кои работат на измените на Законот за сопственост и други стварни права.

## 6. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКТИКИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

6.1 **Споделете пример за добра или лоша практика**

– Заеднички обуки и работилници со другите институции и граѓанскиот сектор овозможува размена на знаења и искуства во областа на родовата еднаквост, овозможува лоцирање и препознавање на тесните грла во процесите на спроведувањето на еднаквите можности на жените и мажите и изнаоѓање на ефикасни и квалитетни решенија за подобрувањето на родовата перспектива во РСМ.

**6.3. Наведете примери за научени лекции**

- Важноста на едукацијата за еднаквите можности на жените и мажите од најрана возраст и од сите аспекти.
- Подигање на јавната свест за родовата еднаквост.
- Подобрување на достапноста на информациите и податоците од областа на родовата еднаквост.
- Подобрување на законските решенија и поедноставување на постапките во остварувањето на правата за родовата еднаквост.

## 7. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**7.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегија за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)**

-Да се даде поголемо значење и да се обезбеди повеќе простор и време за посветеност на активностите за родовата еднаквост кои ќе се вградат во описот на работните задачи во систематизацијата на работните места.

-Обуки и повеќе меѓународни и регионални средби на кои ќе серазменат искуства на оваа тема

-Законски измени со поедноставување на запишувањето на правото на заедничка сопственост на брачните другари кои имото го стекнале во брак.

## 8. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ - МТСП

**8.1. Наведете ваши предлози или иницијативи до СЕМ - МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост**

План и програма за задолжителни меѓуинституционални средби и состаноци со кои ќе се подобри функционалноста и координацијата за примена на механизмите за родовата еднаквост.

**б) Имплементација на Стратегија за родова еднаквост во секторските политики/програми**

- Реформи на законската регулатива и подигањето на јавната свест во сите сегменти.
- Дефинирање на активностите и задачите на сите институции кои имаат придонес во остварување на еднаквите можности на жените и мажите и меѓуинституционална координација.
- Јавна кампања за поголема информираност на жените за нивните права по однос на стекнувањето на правото на заедничка сопственост на недвижен имот стекнат во брак.
- Бесплатна правна помош во делот на информирање на еднаквите можности на жените и мажите во сите институции.







*Графички приказ на вработените во АКН по пол*




*Графички приказ на вработените во АКН по образование (мажи и жени)*

ТАБЕЛА СО БРОЈ НА ПОВИЦИ НА ИНФО-ЛИНИЈАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ ПО ПОЛ за 2019 година

| ОПИС | Јануари | Февруари | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Август | Септември | Октомври | Ноември | Декември | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на отворени предмети по род** | **731** | **674** | **885** | **750** | **759** | **657** | **925** | **642** | **627** | **699** | **639** | **561** | **8549** |
| ***» Хелп деск*** | **192** | **121** | **201** | **131** | **138** | **104** | **102** | **150** | **162** | **174** | **147** | **116** | |
| *женски* | 85 | 45 | 90 | 59 | 57 | 47 | 40 | 57 | 75 | 68 | 48 | 41 | **712** |
| *машки* | 107 | 76 | 111 | 72 | 81 | 57 | 62 | 93 | 87 | 106 | 99 | 75 | **1026** |
| ***» Информација*** | **336** | **346** | **434** | **409** | **397** | **354** | **518** | **297** | **287** | **244** | **192** | **232** | |
| *женски* | 183 | 180 | 236 | 205 | 215 | 199 | 277 | 157 | 130 | 111 | 83 | 119 | **2095** |
| *машки* | 153 | 166 | 198 | 204 | 182 | 155 | 241 | 140 | 157 | 133 | 109 | 113 | **1951** |
| ***» Пријави*** | **78** | **64** | **61** | **49** | **71** | **83** | **113** | **58** | **51** | **31** | **53** | **21** | |
| *женски* | 56 | 40 | 27 | 26 | 40 | 42 | 63 | 42 | 29 | 15 | 34 | 16 | **430** |
| *машки* | 22 | 24 | 34 | 23 | 31 | 41 | 50 | 16 | 22 | 16 | 19 | 5 | **303** |
| ***» Закажи состанок*** | **125** | **143** | **189** | **161** | **153** | **116** | **192** | **137** | **127** | **250** | **247** | **192** | |
| *женски* | 50 | 62 | 79 | 51 | 68 | 42 | 75 | 52 | 47 | 96 | 96 | 78 | **796** |
| *машки* | 75 | 81 | 110 | 110 | 85 | 74 | 117 | 85 | 80 | 154 | 151 | 114 | **1236** |

Вкупен број на обраќања на инфо-линија од женски пол - 4033
Вкупен број на обраќања на инфо-линија од машки пол - 4516

ГРАФИКОН СО БРОЈ НА ПОВИЦИ НА ИНФО-ЛИНИЈАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ ПО ПОЛ ЗА 2019 ГОДИНА




## ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ЗАПИШАНИ ПРАВА НА СОПСТВЕНОСТ ПРИКАЖАНИ ПО ГРАДОВИ И РОДОВО РАЗДЕЛЕНИ ЗА 2019 ГОДИНА

| *Градови* | *Сопственици машки пол* | *Сопственици женски пол* | *Вкупно* | *Процент машки пол* | *Процент женски пол* |
|---|---|---|---|---|---|
| КРУШЕВО | 9,712 | 2,313 | 12,025 | 80.77 | 19.23 |
| БЕРОВО | 27,509 | 11,591 | 39,100 | 70.36 | 29.64 |
| ДЕЛЧЕВО | 28,632 | 9,457 | 38,089 | 75.17 | 24.83 |
| КРИВА ПАЛАНКА | 36,973 | 13,345 | 50,318 | 73.48 | 26.52 |
| ОХРИД | 63,424 | 29,150 | 92,574 | 68.51 | 31.49 |
| НЕГОТИНО | 14,121 | 4,667 | 18,788 | 75.16 | 24.84 |
| СТРУГА | 39,412 | 10,012 | 49,424 | 79.74 | 20.26 |
| РАДОВИШ | 24,440 | 7,617 | 32,057 | 76.24 | 23.76 |
| МАКЕДОНСКИ БРОД | 11,903 | 3,320 | 15,223 | 78.19 | 21.81 |
| ДЕМИР ХИСАР | 9,578 | 2,888 | 12,466 | 76.83 | 23.17 |
| ВИНИЦА | 17,567 | 5,506 | 23,073 | 76.14 | 23.86 |
| ШТИП | 28,196 | 13,655 | 41,851 | 67.37 | 32.63 |
| КУМАНОВО | 87,364 | 28,691 | 116,055 | 75.28 | 24.72 |
| ГОСТИВАР | 51,938 | 9,767 | 61,705 | 84.17 | 15.83 |
| ТЕТОВО | 98,022 | 19,473 | 117,495 | 83.43 | 16.57 |
| КИЧЕВО | 44,057 | 10,598 | 54,655 | 80.61 | 19.39 |
| ВАЛАНДОВО | 8,036 | 2,366 | 10,402 | 77.25 | 22.75 |
| ВЕЛЕС | 37,819 | 16,118 | 53,937 | 70.12 | 29.88 |
| КАВАДАРЦИ | 31,504 | 11,679 | 43,183 | 72.95 | 27.05 |
| КРАТОВО | 17,944 | 5,610 | 23,554 | 76.18 | 23.82 |
| СТРУМИЦА | 62,083 | 20,214 | 82,297 | 75.44 | 24.56 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| СКОПЈЕ | 337,158 | 176,460 | 513,618 | 65.64 | 34.36 |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | 22,920 | 7,222 | 30,142 | 76.04 | 23.96 |
| ПРИЛЕП | 65,308 | 24,660 | 89,968 | 72.59 | 27.41 |
| РЕСЕН | 19,028 | 7,790 | 26,818 | 70.95 | 29.05 |
| ГЕВГЕЛИЈА | 24,507 | 11,765 | 36,272 | 67.56 | 32.44 |
| БИТОЛА | 80,075 | 39,106 | 119,181 | 67.19 | 32.81 |
| ПРОБИШТИП | 14,859 | 5,275 | 20,134 | 73.80 | 26.20 |
| ДЕБАР | 15,126 | 2,553 | 17,679 | 85.56 | 14.44 |
| КОЧАНИ | 36,104 | 13,088 | 49,192 | 73.39 | 26.61 |
| ВКУПНО | 1,365,319 | 525,956 | 1,891,275 | 72,19 | 27,81 |

## Листа на посетени обуки во 2019 година

1. м-р Гордана Коцевска - координатор за еднакви можности

- Обука „*Антидискриминација – размена на добри практики и предизвици*“ во организација на Министерството за труд и социјална политика, а поддржано од страна на ОБСЕ и Република Австрија

2. Елеонора Стефановска – заменик-координатор за еднакви можности

- Обука „*Антидискриминација – размена на добри практики и предизвици*“ во организација на Министерството за труд и социјална политика, а поддржано од страна на ОБСЕ и Република Австрија
- Обука „*Вклучување на родовата перспектива во стратешкото планирање*“ во организација на МТСП и во соработка со Канцеларијата на UN Women
- Обука за тренери во врска со „*Родово сензитивно стекнување на имот*“ во рамките на проектот „Gender and Land Rights“ имплементиран од ГИЗ/ Отворениот регионален фонд за Југоситочна Европа - правна рамка
- учество на консултативен состанок за родова анализа на национални документи и процеси поврзани со процесот на ЕУ-интеграција

3. Татјана Бојковска - вработена во Агенцијата за катастар на недвижности, дипл. родови студии

- Обука „*Вклучување на родовата перспектива во стратешкото планирање*“ во организација на МТСП и во соработка со Канцеларијата на UN Women
- Работилница за разгледување на препораките на Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените, во организација на МТСП и во соработка со CEDAW

4. Лидија Крстевска - државен советник во АКН

- Обука за „*Вклучување на родовата перспектива во стратешкото планирање*“во организација на МТСП и во соработка со Канцеларијата на UN Women

5. Светлана Ингилизовска-Јаневска - помошник раководител на Сектор за контрола и надзор во АКН

- Обука имплементиран од ГИЗ /Отворениот регионален фонд за Југоситочна Европа- правна рамка на тема „*Зајакнување на економската моќ на жените*“ организирана во Тирана, Албанија